Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор правосудство

Бр. 14-2613/3
Скопје, 07-10-2021 година

ДО

**ЗДРУЖЕНИЕТО ХОПС-Опции за здрав живот Скопје**

**С К О П Ј Е**

**ПРЕДМЕТ**: Известување

Почитувани,

Во рамки на своите законски надлежности, Министерството за правда ја разгледа Вашата Предлог-иницијатива поднесена согласно повикот од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики, а со цел за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата за 2022 година, со која иницијатива Здружението ХОПС Скопје во име на неформалната Платформа за декриминализација на сексуалната работа која се состои од повеќе организации и поддржувачи бара декриминализација на сексуалната работа на сексуалните работници преку измени на Кривичен законик (член 191), Закон за прекршоци против јавен ред и мир (член 20) и донесување на нов закон за регулирање на сексуалната работа.

Министерството за правда во рамки на своите надлежности, согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа, Ве информира дека и работната група за изготвување на нов Кривичен законик ја разгледа поднесената Предлог-Иницијатива за декриминализација на сексуалната работа и констатира дека измени во Кривичниот законик може да се направат дури откако се променат материјалните закони, кои ја уредуваат материјата во оваа сфера, што не спаѓа во надлежност на нашето министерство, туку во надлежност на другите министерства, што потоа дополнително би имплицирало измени во Кривичниот законик.

Со почит,

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА

м-р Бојан Маричиќ

Подготвила: Кристина Петровска Веселинова, помлад соработник
Проверила: Николина Микеска Костадиновска, раководител на сектор
Одобрил: Никола Прокопенко, државен советник


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification